## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Четиринаесетото продолжение на Сто - четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 07.06.2002 година**

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија, со почеток во 13,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

По утврдената прозивка од страна на секретарот на Собранието на Република Македонија госпоѓа Каролина Огњановиќ-Чукалиева е утврдено дека се присутни 64 пратеници и дека седницата може да продолжи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Сто - четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве известувам дека Стојанп Андов, Делче Ицков, Жарко Караџоски, Борче Сибиновски и Кирил Андоновски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по точката 11 - Предлог за донесување на закон за банки за микрофинансирање, со Предлог на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. Претресот гто амандманот на член 2 став 1, поднесен од пратеникот Никола Поповски е завршен.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Владата нема согласност по амандманот на Никола Поповски.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (Пратениците гласаат).

Според резултатите од гласањето, молам да се пребројат присутните пратеници во салата.

(На мониторот се прикажува дека гласале 59 пратеници).

Соопштувам, колеги дека 59 пратеници беа според броењето, дојдоа дополнително само за да се пријават на прозивката и веднаш да кзлезат.

Оние пратеници кои сега не беа присутни на гласањето и не гласаа, ќе се смета дека не сакаат да работат и нема да им се платат трошоци за доаѓање. 59-те пратеници кои гласале сега ќе добијат исплата за трошоци за доаѓање.

Ја прекинувам седницата, а продолжението ќе биде закажано дополнително.

(Седницата прекина со работа во 13,45 часот).